Бр./Nr 12-507/1
28-01-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 27-та седница одржана на 23.01.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата со број 12-1275/1 од 10.04.2025 година оформен по наводи за сомневање за незаконито постапување на претседателот на Основен суд -----, --------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување во предметниот случај од причина што за пријавените наводи друг орган е надлежен да постапува.

Пријавата да се достави на надлежно постапување на Судски совет на Република Северна Македонија.

Предметот со број 12-1275/1 од 10.04.2025 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 10.04.2025 година е доставена пријава заведена под број 12-1275/1, со наводи за сомневање за незаконито постапување при донесување на Решение за прекин на издржување на казна затвор од страна на претседателот на Основен суд -------.
Во пријавата, подносителот наведува дека Претседателот на наведениот суд со Решение ПК.------ од --.--.2025 година го прекинал издржувањето на единствената

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

казна затвор на осуденото лице -------, изречена со Пресуда на Апелациониот суд Битола.
Се посочува дека со донесеното Решение, Претседателот на судот ја злоупотребил законската одредба за овозможување на прекин на издржувањето на казната подолго од 30 дена поради лекување, во случаи кога не постојат услови лекувањето да се спроведе во установата, односно истиот да биде упатен во соодветна здравствена установа, а исто така не го земал предвид фактот дека на ова лице му се судело во отсуство поради бегство, како и тоа дека ова лице е осудено за едно од најтешките кривични дела на затворска казна, со што создал можност лицето да ја напушти државата и да го избегне издржувањето на казната.

Од причина што во случајот се работи за предмет во чиј опфат веќе е донесено судско решение, а имајќи предвид дека согласно член 40 став 1 алинеи 5 и 14 од Законот за судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ“, бр.269/2025), Судскиот совет е надлежен да ја следи и оценува работата на судиите, односно е надлежен да постапува по претставки и поплаки на граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите, по разгледувањето на предметните наводи и релевантните законски одредби, ДКСК констатира дека во случајот по пријавените наводи односно дејствија и донесеното Решение, друг орган е надлежен да постапува поради што предметната пријава ќе се достави на Судски совет на Република Северна Македонија.

Врз основа на горенаведеното, ДКСК оцени дека нема елементи за нејзино надлежно постапување за предметниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: м-р Ф.О., советник
Контролирал: м-р К.З., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш., член на ДКСК

Доставено до:
-подносителот на пријавата